СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA



# ИЗВЕШТАЈ ОД АНАЛИЗАТА НА ПРОЦЕСОТ НА ВЕРИФИКАЦИЈА НА КОМПАНИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ

**Декември 2022 година**

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| ВОВЕД | 4 |
| МЕТОДОЛОГИЈА | 6 |
| НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО | 7 |
| 1.1. Сегашна состојба | 7 |
| 1.2. Резултати од истражувањето | 10 |
| 1.2.1. Резултати од спроведениот анкетен прашалник | 10 |
| ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ | 17 |



**Публикацијата е изработена од страна на Стопанска комора на Северна Македонија за потребите на Проектот Образование за вработување во Северна Македонија – E4E@мк, поддржан од Владата на Швајцарија.**



**Автор: м-р Наташа Јаневска, експерт**
**Лектор: Ана Азеска**
**Дизајн: Стево Серафимов**



**Ставовите изразени во публикацијата се на авторите и не мора да се совпаѓаат со мислењата и со политиката на проектот, односно со оние на организациите што го применуваат проектот и на донаторот.**




## ВОВЕД

Човечкиот капитал игра клучна улога за развојот на компаниите, како и за зголемување на нивната продуктивност и за извозниот потенцијал. Но анализите на Стопанската комора покажуваат дека македонската економија страда од недостиг на стручен кадар, што го потврдија 65 % од компаниите, а 80 % од кадарот е долгорочен поради неусогласеноста на вештините што се бараат и што се нудат. Ваквата состојба ја наметна потребата да се зајакне соработката меѓу образовните институции и реалниот сектор во процесот на подготовка на младите лица според потребите на пазарот на трудот. Соработката стана видлива на неколку нивоа:

1. социјален дијалог за креирање уписна политика според потребите на реалниот сектор;
2. изработка на стандарди на занимања, стандарди на квалификации и образовни програми според потребите;
3. реализација на практична обука/учење преку работа на учениците на реално работно место кај работодавец.

Реализацијата на практичната обука/учењето преку работа на реално работно место е клучна во подготовката на стручен кадар за потребите на пазарот. Низ тој процес работодавците самите го подготвуваат својот кадар за да одговора на нивните потреби, а практичната обука во процесот на учење и на стекнување нови вештини овозможува примена на она што учениците го научиле на работното место како додадена вредност што ја создаваат во компанијата. Фокусот на стекнување знаења и вештини од училницата е префрлен на работното место во компанијата, како и на машините и на опремата што ги поседува компанијата. Дополнително, учениците се здобиваат со работни навики и со одговорност, а се запознаваат и со функционирањето на компанијата и со нејзината организациска подготвеност за нивно побрзо вклопување во работните процеси.



За да може работодавецот да спроведува практична обука за учениците, треба да биде верификуван за реализација на практична обука на ученици, односно да исполнува одредени услови дефинирани во Законот за стручно образование и обука[1], кои се однесуваат на просторот, опремата и на

1 Закон за стручно образование и обука, член 13 (Службен весник на Република Македонија бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и 275/19 година)

соодветниот кадар и кои се пропишани во стандардите за изведување практична обука на учениците кај работодавци[2], во специфичните стандарди за опрема и за просторни услови, како и во стандардот за стручен и за друг кадар за спроведување практична обука кај работодавци[3].

Верификацијата е процес низ кој треба да поминат компаниите. Првиот чекор од процесот подразбира обука на вработено лице од компанијата за ментор, кое ќе биде одговорно за реализацијата на практичната обука на учениците во компанијата и кое ќе им ги пренесува своето знаење и своите вештини. Вториот чекор се однесува на подготовката на документација и на уредувањето на просторните услови на работното место во компанијата, во согласност со програмата за обука за дадената квалификација.

Но, честопати низ тој процес компаниите се соочуваат со одредени предизвици при обезбедувањето на бараната документација, што го одолговлекува процесот на верификација на компанијата.



За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (Е4Е.мк)“, изработи анализа на постапката за верификација за да ги идентификува слабите страни и да даде препораки за нивно подобрување.

Во анализата е дадена моменталната состојба со процесот на верификација на компаниите кои поминале низ тој процес, како и препораките на компаниите за нејзино подобрување, детектирани преку пополнет прашалник од компаниите.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Главната цел на анализата, насловена „Извештај за верификацијата на работодавецот за реализација на практична обука на ученици“, беше да се идентификуваат слабостите во постапката за верификација на работодавци за реализација на практична обука и да се дадат препораки за подобрување и за олеснување на процесот на верификација. За потребите на истражувањето беше изработен прашалник, кој беше одобрен од проектот „Е4Е“.

Прашалникот наменет за комапниите се состоеше од 15 прашања, кои беа од отворен и од затворен тип. Прашањата во самиот прашалник беа групирани во два дела:

I дел: општи информации за компаниите

II дел: верификација на работодавецот за реализација на практична обука

Со истражувањето беа опфатени 50 компании кои го поминаа процесот на верификација. При определувањето на компаниите се внимаваше да бидат опфатени компании кои имаат различна форма на организирање[4] и да припаѓаат на различни дејности. Во методологијата на истражувањето се користеше *Националната класификација на дејности*[5] , врз основа на која деловните субјекти (правни и физички лица) се распределуваат според дејноста што ја вршат.

Добиените податоци од анализираните прашања на прашалникот се систематизирани во извештај, кој содржи и препораки за подобрување и за олеснување на процесот на верификација.

## НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.1. Сегашна состојба

Спроведувањето практична обука на ученици кај работодавец бара работодавецот да биде верификуван за реализација на практична обука. Тоа е процес на проверка дали работодавецот ги исполнил условите за стручен кадар (ментор) кој ќе биде задолжен за непосредна работа со учениците кои ја реализираат практичната обука кај работодавецот, за просторот каде што ќе се реализира практичната обука и за соодветната опрема, која мора да е во функција на реализација на целите наведени во наставната програма за практична обука. При реализацијата на практичната обука кај работодавец се применуваат одредбите од Законот за стручно образование и обука, Законот за работни односи[6], од Законот

2 Стандард за стручен и за друг кадар за спроведување практична обука кај работодавци (бр. 07-1044 од 8.11.2013 година, изменет и дополнет на 9.6.2014 година и во јуни 2016 година)

3 Стандарди за изведување практична обука на учениците кај работодавци (бр. 07-422 од 8.6.2012 година)

4 Закон за трговските друштва (Службен весник на Република Македонија број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16 и 64/18) https://ener.gov.mk/files/propisi_files/documents/366_701522673%D0%A2%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%BE%D1%82_%D0%9F%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD%20%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82%20-%20%D0%97%D0%90%D0%9A%D0%9E%D0%9D%20%D0%97%D0%90%20%D0%A2%D0%A0%D0%93%D0%9E%D0%92.docx

5 Национална класификација на дејностите – рев. 2, Одлука на Владата на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 147/08) и Закон за едношалтерски систем и за водење на Трговскиот регистар и на Регистарот на други правни лица (Сл. весник на РМ бр. 84/05), http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi.aspx?id=2/

6 Закон за работните односи, Службен весник на Република Македонија бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015 и 27/2016 година

за безбедност и здравје при работа[7], Законот за занаетчиство[8] и од други законски и подзаконски акти што ја регулираат областа на практичната обука на ученици кај работодавци, како и *стандардите за изведување практична обука на ученици кај работодавци*.

Стручниот кадар (менторот) работодавецот го определува од редот на вработените. Притоа менторот треба да исполнува соодветни услови:

- да има најмалку три години работно искуство во дејноста;
- да е работодавец или да е вработен кај работодавец;
- да има завршена обука за стручен и за друг кадар за спроведување практична обука кај работодавец.

Обуката за стручен и за друг кадар (обука за ментори) се реализира во согласност со *стандардот за стручен и за друг кадар за спроведување практична обука кај работодавци*[9] и со Програмата за обука на ментори (*Наставен план и програма за стручно-дидактичка обука на обучувачите од работодавците кај кои се реализира практичната обука*), одобрена од министерот за образование и наука со решение број 17-8909/1 од 9.6.2016 година. Преку обуката менторот се здобива со определени знаења, вештини и компетенции за да може успешно да ја реализира педагошко-андрагошката работа со учениците кои реализираат практична обука во компанијата каде што работи. Обуките, во согласност со Законот за стручно образование и обука, ги реализираат коморите, но во реалноста Стопанската комора на Северна Македонија е единствената комора која ги реализира обуките за ментори.

Досега се сертифицирани вкупно 800 ментори, а преку Комората се сертифицирани околу 500 ментори.

Работната средина кај работодавецот е активна средина на учење, каде што учениците учат преку работа, развивајќи вештини за исполнување на задачите и за постојано унапредување на нивните способности. За таа цел, работодавецот мора да обезбеди и да програмира соодветни услови и опрема за работа, во согласност со наставната програма за практична обука за соодветната квалификација.

Проверката на исполнетоста на условите за реализација на практичната обука кај работодавец, во согласност со *стандардите за изведување практична обука на учениците кај работодавци*, ја вршат коморите. Во реалноста Стопанската комора на Северна Македонија е единствената комора која врши верификација на работодавци. При процесот на верификација на работодавци за изведување практична обука работодавецот е должен да има:

7 Закон за безбедност и здравје при работа, Службен весник на Република Македонија бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015 и 30/2016 година

8 Закон за занаетчиство, Службен весник на Република Македонија бр. 215 од 7.12.2015 година

9 Стандард за стручен и за друг кадар за спроведување практична обука кај работодавци (бр. 07-1044 од 8.11.2013 година, изменет и дополнет на 9.6.2014 година и во јуни 2016 година)



1. регистрирана фирма како правен субјект;
2. простор, во сопственост или под закуп, во согласност со дејноста за која е регистрирана фирмата, и да ги исполнува минимално пропишаните технички услови;
3. обучено лице кое ќе ги води учениците во реализацијата на практичната обука во компанијата;
4. просторни услови каде што ученикот ќе може да ги спроведува и да ги реализира активностите за остварување на целите од наставната програма за практична обука;
5. обезбедено работна средина и средства за работа, безбедни, безопасни за здравјето, во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа;
6. соодветна опрема за успешна реализација на практичната обука на учениците и да осигури безбедност и максимална заштита за ученикот при ракувањето и при работата со опремата;
7. општи стандарди за работните услови според Законот за безбедност и здравје при работа;
8. план за реализација и распоред на работните места за практична обука на учениците.

За таа цел, работодавецот ги обезбедува следните документи:

1. пријава,
2. тековна состојба од Централен регистар,
3. имотен лист,
4. договор со надворешна компанија задолжена за безбедност и здравје при работа,
5. приказ на скица со просторија за обука доколку има плус обуката која би била во производствениот дел,
6. образец М1М2 на менторите дека се во редовен работен однос во компанијата.

Целокупната документација се поставува на порталот ПРАКСА , а вработените во Центарот за едукација вршат проверка на документација. Во рок од десет дена по одобрувањето на документацијата, комисија од стручни лица, која се формира во Стопанската комора на Северна Македонија, оди во посета на работодавецот за да увиди дали се исполнети условите за реализација на практичната обука во согласност со доставената документација. По утврдувањето на исполнетоста на условите, работодавецот добива *решение за верификација на компанијата за реализација на практична обука на ученици* и се запишува во Регистарот за верификација на работодавци за практична обука.

Досега се верификувани вкупно 56 работодавци за реализација на практична обука на ученици, со тенденција бројот на компании да расте.

### 1.2. Резултати од истражувањето

Во овој дел се прикажани наодите добиени преку анализа на одговорите добиени од прашалниците кои беа доставени до компаниите по електронски пат. Компаниите, преку одговорите на прашалниците, ги искажаа предизвиците со кои се соочуват при процесот на верификација и при обезбедувањето на потребната документација за овој процес. Истовремено дадоа свои препораки како да се унапреди и како да се поедностави процесот за побрзо да се добие верификацијата за реализација на практичната обука.

Прашалникот се состоеше од два дела. Во првиот дел од прашалникот компаниите кои учествува во истражувањето дадоа општи информации за компанијата.

Вториот дел од прашалникот се состоеше од 14 прашања кои се однесуваа на соработката на компанијата со стручното училиште и на процесот на верификација.

#### 1.2.1. Резултати од спроведениот прашалник

Со анкетниот прашалник беа опфатени вкупно 21 компанија кои го поминале процесот на верификција, што се смета за репрезентативен примерок од кој може да се добијат релевантни податоци за истражувањето.

Во првиот дел од прашалникот се добија општи податоци за компаниите. Според големината на компанијата, во истражувањето беа опфатени 3 мали, 5 средни и 13 големи компании, кои припаѓаа во различни плански региони (табела број 1)

Табела бр.1: *Припадност на компаниите според планските региони*

| | Плански региони | Број на компании |
|---|---|---|
| 1. | Скопски Регион | 8 |
| 2. | Вардарски Регион | 2 |
| 3. | Пелагониски Регион | 1 |
| 4. | Источен Регион | 3 |
| 5. | Југоисточен Регион | 3 |
| 6. | Полошки Регион | 1 |
| 7. | Југозападен Регион | 1 |
| 8. | Североисточен Регион | 2 |



Според Националната класификација на дејности, компаниите што го пополниле прашалникот им припаѓаат на дејностите прикажани во следната табела:

Табела бр. 2: *Дејности на кои им припаѓаат компаниите според НКД*

| Дејности според НКД | |
|---|---|
| 1. | Вадење руда на олово и на цинк |
| 2. | Вадење руда и други обоени метали |
| 3. | Производство на други обоени метали |
| 4. | Преработка, производство и трговија со сувомесни производи |
| 5. | Производство на автомобилски системи, модули и компоненти |
| 6. | Производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила |
| 7. | Производство на други производи од пластични маси |
| 8. | Производство на акумулатори и на батерии |
| 9. | Производство на сензори и на кабли |
| 10. | Производство на опрема и на делови |
| 11. | Производство на растителни ткива во инвитро-услови |
| 12. | Изградба на станбени и на нестанбени објекти |
| 13. | Изградба на објекти од високоградба и од нискоградба |
| 14. | Производство, трговија, инженерство и услуги во машинството и во градежништвото |
| 15. | Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување |
| 16. | Друштво за производство, трговија и за услуги |

Од вториот дел на прашалникот се добија сознанија за реализацијата на практичната обука кај работодавец и за неопходната документација која е потребна за процесот на верификација.

На **првото прашање** од вториот дел на прашалникот, кое гласеше дали компанијата соработува со средно стручно училиште, сите компании, вкупно 21 или 100 %, позитивно се изјасниле, со оглед на тоа дека се веќе верификувани како компании во кои се реализира практична обука (дуално образование/учење преку работа).

На **второто прашање**, чија цел беше да се види за каков вид соработка станува збор – дуално образование или учење преку работа – 11 компании или 52 % одговориле дека остваруваат соработка со вклучување во дуалното образование; 5 или 24 % одговориле дека остваруваат соработка преку реализација на учењето преку работа, а 5 компании или 24 % одговориле дека соработуваат со училиштето и преку дуално образование и преку учење преку работа (график бр. 1).




*График бр. 1*

**Третото прашање** се однесуваше на видот на квалификација за која се реализира практичната обука во компанијата. Одговорите се дадени во следната табела.

*Табела бр. 3: Квалификации за кои се реализира практична обука во компанијата*

| Квалификации за кои се реализира практична обука | |
|---|---|
| 1. | Машински техничар |
| 2. | Електротехничар |
| 3. | Техничар за производствено машинство |
| 4. | Градежен техничар |
| 5. | Хамиски техничар |
| 6. | Геолошки техничар |
| 7. | Рударски техничар |
| 8. | Економски техничар |

Од одговорите се добија сознанија дека во компаниите учениците реализираат практична обука за една квалификација, но имаше компании во кои учениците реализираат практична обука и за две различни квалификакации.

Преку **четвртото прашање** се добија информации за бројот на ученици кои реализираат практична обука во нивната компанија. Добиените резултати се дадени во графикон број 2.

- Во 8 компании (38 %) практична обука реализираат од 1 до 5 ученика.
- Во 6 компании (32 %) практична обука реализираат 6 до 10 ученика.
- Во 7 компании (33 %) практична обука реализираат од 11 до 12 ученика.




*Графикон бр. 2*

*Овој индикатор покажува дека компаниите се охрабруваат да го зголемат бројот на ученици кои реализираат практична обука во нивните организации и дека разбираат оти самите мора да го подготвуваат кадарот.*

На **петтото прашање**, кое се однесуваше на тоа дали во компанијата имаат сертифицирани ментори, сите компании (21 или 100 %) одговорија потврдно. *Овој индикатор ни покажува дека компаниите сериозно ја разбрале улогата во реализацијата на практичната обука, што ќе придонесе за квалитетот на реализацијата на практичната обука.*

Како на петтото така и на **шестото прашање**, кое се однесуваше на изработениот план и програма според кои се реализира практичната обука во компанијата, сите компании (21 или 100 %) дале позитивен одговор дека работат според изготвениот план и програма за реализација на практичната обука за дадената квалификација. *Овој индикатор покажува дека менторите кои ја реализирале обуката го примениле наученото и во пракса, а, од друга страна, може да укажува и на добрата соработка со стручното училиште со кое компанијата има потпишано меморандум.*

На **седмото прашање** – дали се верификувани за реализација на практична обука – 21 компанија или 100 % се изјасниле позитивно, имајќи предвид дека прашалниците беа испратени до компаниите кои го поминале процесот на верификација. Но, ако се земат предвид потврдните одговори на претходните прашања, кои се, всушност, еден од условите за верификација на компанијата за реализација на практичната обука (сертифициран ментор и план и програма за практична обука), *овој индикатор може да биде показател на тоа дека комисијата за верификација на компанијата, формирана од Стопанската комора на Северна Македонија, направила квалитетен увид во агилноста на компанијата за реализација на практичната обука.*

Следните прашања во прашалникот беа во насока да се добијат сознанија за тешкотиите со кои се соочуваат компаниите при процесот на верификација.

На **осмото прашање**, кое се однесуваше на тоа дали во текот на процесот на верификација се соочиле со проблеми при обезбедувањето на документацијата потребна за верификација, 9 компании или 43 % одговориле дека се соочиле со проблеми при обезбедувањето документација, додека, пак, 12 или 57 % дале одговор дека не се соочиле.

За оние компании кои се изјасниле позитивно следуваше дополнително прашање да наведат кои документи потешко ги обезбедиле. Во прашалниците беа наведени имотниот лист и тековната состојба затоа што, според нив, треба време за да се извадат овие документи, а тоа го одолговлекува процесот на верификација. Одговорите на компаниите се дадени во следната табела.

Табела бр. 4: *Документи за кои има тешкотии да се обезбедат и бројот на компании кои дале одговор*

| | Документи | Број на компании |
|---|---|---|
| 1. | Тековна состојба | 4 |
| 2. | Имотен лист | 4 |
| 3. | Тековна состојба и имотен лист | 1 |

Како резултат на претходното прашање, за сите компании следуваше **деветтото прашање**, од кое требаше да се добијат сознанија дали компаниите сметаат дека некој од документите што треба да ги обезбедат е непотребен за процесот на валидација и да наведат кои од документите се непотребни за овој процес. На ова прашање позитивно се изјасниле 14 компании, додека, пак, 7 компании дале негативен одговор. Од компаниите кои позитивно се изјасниле како непотребни ги навеле имотниот лист и тековната состојба.

Образложение на компаниите: *само компанијата која работи позитивно може да земе ученици на практична обука. Според нив, важно е компанијата да има услови за реализирање на практичната обука, а тоа го проверува комисијата за верификација, која врши проверка на исполнетоста на условите за реализација на практичната обука на учениците во компанијата, формирана од Стопанската комора. Во тој процес компанијата вложува средства за обука на менторот/рите, за опрема и за репроматеријали за реализација на обуката, за заштитна опрема за учениците, за безбедносни услови за реализација на обуката, за исхрана и за превоз и сл.*

*Компанијата/фирмата која работи со загуби не може да си дозволи да прими ученици за реализација на практична обука.*

*Дополнително, според нивното мислење, се троши непотребно време во чекање за да се извади документот (тековната состојба) од Централен регистар.*

**Десеттото прашање** се однесуваше на тоа дали е потребно поедноставување на процедурата за верификација на компанија за реализација на практична обука на ученици/учење преку работа и да ги дадат нивните предлози како да се поедностави процедурата, што ќе биде основа за подготовка на предлозите за подобрување и за поедноставување на процесот на валидација. Дваесет и една компанија или 100 % се изјасниле позитивно, т. е. дека треба да се поедностави процедурата, а предлозите за поедноставување заради прегледност се дадени во следната табела.

Табела бр. 5. *Предлози од компаниите за поедноставување на процесот на верификација*

| **ПРЕДЛОЗИ** |
|---|
| **Предлог бр. 1: Елиминирање на документацијата која одзема време за нејзино обезбедување (имотниот лист и тековната состојба за компанијата)** |
| **Предлог бр. 2: Комисијата за проверка на исполнетоста на условите за реализација на практичната обука на учениците во компанијата треба и натаму да си ја врши работата** |
| **Предлог бр. 3: Да се прават почести проверки на компанијата од коморите за тоа како се реализира практичната обука.** |



**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ**

Од анализата на резултатите од прашалникот се добија следниве сознанија:

1. *Компаниите се охрабруваат да го зголемат бројот на ученици кои реализираат практична обука во нивните организации и разбираат дека мора самите да го подготвуваат кадарот.*
2. *Компаниите сериозно ја разбрале улогата во реализацијата на практичната обука со тоа што обезбедиле лице од редот на своите вработени кое е сертифицирано за ментор, што ќе придонесе за квалитетот на реализацијата на практичната обука.*
3. *Менторите кои ја реализирале обуката го примениле наученото и во пракса преку подготовката на планот и програмата за реализација на практичната обука на учениците за дадената квалификација.*
4. *Во процесот на верификација е важно да се увиди дали компанијата има услови за реализирање на практичната обука, а тоа го проверува комисијата за верификација, која врши проверка на исполнетоста на условите за реализација на практичната обука на учениците во компанијата, формирана од Стопанската комора.*
5. *Елиминирање на документацијата при процесот на верификација (имотниот лист и тековната состојба) која одзема време за нејзино обезбедување.*
6. *Комисијата за проверка на исполнетоста на условите за реализација на практичната обука на учениците во компанијата треба и натаму да си ја врши работата.*
7. *Да се прават почести проверки на компанијата која е верификувана за реализација на практична обука на ученици од коморите за тоа како се реализира практичната обука.*

Од заклучните согледувања произлегоа и неколку препораки на кои треба итно да се работи следнава година:

1. *Елиминирање на документацијата при процесот на верификација. Од барањето за документација да се изостават следниве документи:*

- *имотниот лист на компанијата;*
- *тековната состојба на компанијата.*

*При процесот на верификација на компанијата важно е да се провери дали компанијата има обезбедено сертифициран ментор, просторни услови за работа, опрема и алати, како и заштитна опрема за учениците. Компанија која има загуби со сигурност не би се вклучила во овој процес – да прима ученици за практична обука, затоа што компанијата мора да вложи средства за обука на менторот/рите, за опрема и за репроматеријали, за реализација на обуката, за заштитна опрема за учениците, за безбедносни услови за реализација на обуката, за исхрана и за превоз и сл.*

2. *Комисијата за проверка на исполнетоста на условите за реализација на практичната обука на учениците во компанијата треба и натаму да си ја врши работата како и досега.*
3. *Да се прават почести проверки на компанијата која е верификувана за реализација на практичната обука на ученици од коморите за тоа како се реализира практичната обука.*
4. *Да се направи измена на стандардот за реализација на практичната обука, во кој точно ќе се прецизира постапката за верификација на компанија за реализација на практична обука на ученици.*



**АНЕКС 1**

Почитувани,

Стопанската комора на Северна Македонија подготвува анализа на процедурата за верификација на работодавци за реализација на практична обука на ученици, за да ги идентификува предизвиците со кои се соочуваат работодавците при обезбедувањето на документацијата за процесот на верификација.

Како компании кои го поминавте процесот на верификација и се верификувавте за реализација на практична обука на ученици, би сакале да се вклучите во нашата анализа, да го пополните прашалникот и да дадете свои сугестии и предлози за да ги детектираме предизвиците и да понудиме решенија за олеснување на процесот.

Ви благодариме за соработката.




# П Р А Ш А Л Н И К  З А  К О М П А Н И И Т Е

**ВЕРИФИКАЦИЈА НА РАБОТОДАВЕЦ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ**

**Добиените податоци се доверливи и ќе се користат исклучиво за изработка на статистичка анализа.**

*Прашањата се одговараат со пишување на одговорот на дадената линија или со пишување X во соодветното квадратче.*

**I. Идентификациски податоци за претпријатието**

**1. Назив на претпријатието** ____________________

**Шифра**

**2. Општина** ____________________ ☐☐☐☐

**3. Регион (анекс 1)** ____________________ ☐

**4. Дејност (напишете ги соодветните шифри од Националната класификација на дејности – НКД рев. 2).**

**Шифра**

а) Основна: ........................................ ☐☐☐☐

б) Дополнителна/и: ........................................ 1 ☐☐☐☐ 2 ☐☐☐☐

**II. Верификација на работодавецот за реализација на практичната обука**

**1. Дали вашата компанија соработува со средно стручно училиште?**

а) ДА ........................................ ☐

б) НЕ ........................................ ☐

**2. Доколку учествува, од кој вид е соработката?**

а) Учење преку работа.................................... ☐☐☐

б) Дуален модел на образование......................... ☐☐☐

**3. За која квалификација се реализира практична обука во вашата компанија?**

☐

**4. Колку ученици во текот на учебната година реализираат практична обука во вашата компанија?**

а) 1 – 5 ученици ............................................................... ☐

б) 6 – 10 ученици ............................................................ ☐

в) 11 – 20 ученици ........................................................... ☐

**5. Дали во вашата компанија имате ментор кој ја следи реализацијата на практичната обука на учениците?**

**6. Дали постојат план и програма според кои се реализира практичната обука во вашата компанија?**

ДА ..................................................................................... ☐

НЕ ..................................................................................... ☐

**7. Дали е вашата компанија верифицирана за реализација на практична обука на ученици/учење преку работа?**

**8. Дали во текот на процесот на верификација се соочивте со проблеми при обезбедувањето на документацијата?**

ДА .................................................................................. ☐

НЕ .................................................................................. ☐

**Доколку одговорите ДА, наведете кои документи потешко можевте да ги обезбедите.**

**9. Дали сметате дека некој од документите што треба да ги обезбедите е непотребен за процесот на валидација?**

а) ДА .......................................................................... ☐

б) НЕ .......................................................................... ☐

**Ако е одговорот ДА, ве молиме напишете кој документ е непотребен за процесот на валидација.**

**10. Дали сметате дека треба да се поедностави процедурата за верификација на вашата компанија за реализација на практична обука на ученици/учење преку работа?**

а) ДА ............................................................................ ☐

б) НЕ ............................................................................ ☐

**11. Доколку одговоривте со ДА, наведете ги вашите предлози за поедноставување на процедурата.**

**Податоци за лицето кое го пополнува прашалникот (доколку сакате да ги оставите):**

**Име и презиме:**

**Контакт-телефон:**

**Електронска адреса:**

**Ви благодариме за соработката и за вашето издвоено време!**

# ИЗВЕШТАЈ ОД АНАЛИЗАТА НА ПРОЦЕСОТ НА ВЕРИФИКАЦИЈА НА КОМПАНИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

E4E@мк